РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-1216/11
15.12.2025 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) Градоначалникот на Општина Ранковце, на предлог на Комисијата за урбанизам формирана од страна на градоначалникот на Општина Ранковце со решение бр.08-1128/1 од 09.10.2024 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр. 4560/3 КО Герман, Општина Ранковце, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр. 4560/3 КО Герман, Општина Ранковце

1. СЕ ОДОБРУВА Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр. 4560/3 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 05/25 од септември 2025 година, изработен од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ПЛАНЕРИС“ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово.
2. Вкупната површина во рамките на планскиот опфат изнесува 1284 м2.
3. Составен дел на ова Решение е Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр. 4560/3 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 05/25 од септември 2025 година, изработен од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ПЛАНЕРИС“ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, а истиот го одобрува градоначалникот врз основа на мислењето за одобрување на урбанистичкиот проект од страна на Комисијата за урбанизам бр.22-1216/7 од 02.12.2025 година.
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 14/3-25 од 18.03.2025 година, изработен од ДПТИУК „Цветковски Консалтинг“ ДООЕЛ Скопје;
5. Известување за електронска заверка на геодетскиот елаборат бр.1110-3/2025 од 18.03.2025 година;
6. Извештај од извршена стручна ревизија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр. 4560/3 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 0901-592/25 од октомври 2025 година, извршен од Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје.

Образложение

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам број на постапка 74669, заведено под број 22-1216/1 од 08.09.2025 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр. 4560/3 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 05/25 од септември 2025 година, изработен од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ПЛАНЕРИС“ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово.

Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-1128/1 од 09.10.2024 година, даде Мислење за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр. 4560/3 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 05/25 од септември 2025 година, бр. 22-1216/7 од 02.12.2025 година, со предвидена класа на намена:

- **А4.7-** куќи за потребите на селски туризам

Во границите на планскиот опфат планирана е 1 градежна парцела со следните основни класи на намена:

- **А4.7-** куќи за потребите на селски туризам согласно Правилник за урбанистичко планирање („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Врз основа на горенаведеното градоначалникот констатира дека се исполнети условите од член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), и Правилник за урбанистичко планирање („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski
Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=278153, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2025.12.15 09:39:46 +01'00'

Општина Ранковце
Градоначалник
Даниел Павловски

Daniel Pavlovski
Digitally signed by Daniel Pavlovski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, ou=01.4, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=290094, title=Gradonacalnik, sn=Pavlovski, givenName=Daniel, cn=Daniel Pavlovski
Date: 2025.12.15 09:48:19 +01'00'